# Што е “ Чачипе за младите“?

Институтот отворено општетство (OSI) и Архивите на отвореното општество (OSA) го објавуваат “ Чачипе за младите“ меѓународниот конкурс за учесници меѓу 12  и 25 години старост. Овој натпревар е продолжение на многу успешниот Чачипе натпревар одржан во 2007 година (Чачипе на ромски значи вистина, реалност, право)

“Чачипе за младите“ ги повикува младите луѓе да се изразат преку фотографијата како тие ги гледаат Ромите и нивниот живот. Овој натпревар има три категории: “ Мојата улица, мојата околина“, “Боите на мојот живот“ и “Што не е добро“?. Меѓународно жири ќе одлучува за победниците, кои ќе бидат наградени со по 1000 ЕУР и тоа во три старосни групи: од 12 до 15 години, од 16 до 19 години и од 20 до 25 години.

Фотографиите испратени на конкурсот мора да бидат направени од почетокот на 2005 година па до денес во некоја од земјите кои се учеснички во Ромската Декада (http://wwwromadecade.org): Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Чешка, Унгарија, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија, Словачка и Шпанија.

“Чачипе за младите“ еелектронски  фото – натпревар.Дигиталните фотографии треба да се испратат од 30 октомври до 15 декември 2008 година на http://photo.romadecade.org, каде може да се најдат и деталните услови на конкурсот.
Прогласувањето на победникот се очекува во јануари 2009 година.

Изборот на најдобри фотографии испратени на конкурсот “Чачипе за младите“ ќе биде прикажан на изложбата во Централис галеријата во Будимпешта во почетокот на 2009 година.
Институтот отворено општетство (OSI)  и Архивите на отвореното општество (OSA)  исто така планираат оваа изложба во текот на 2009 година да биде прикажана и во другите земји учеснички во Ромската Декада.

**Повеќе информации:**

Marta Jombach
e-mail: photopress@romadecade.org